СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од продолжение на шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 мај 1993 година

Скопје, мај 1993 година

**I ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 62-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 11.V1993 година**

Дискутанти:

1. АНДОВ СТОЈАН – 29, 46...
2. АБДИ ФАИК - 32
3.АЛИУ ХАМИД – 17, 38
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО – 20, 43
5. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД - 76
6. ГЕРГИЕВ ПЕТАР - 18
7. ДИМОВ ТОДОР – 4, 54, 61, 70
8. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 44
9. МИЦЕВСКИ СТОЈАН - 17
10. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 1
11. НИКОЛОВСКИ ДУШАН – 15, 42
12. ПАНОВСКИ МИХАИЛ – 39, 41
13. ПРЕВАЛА ШАБАН – 14, 71
14. ПОПОВСКИ НИКОИЛА – 22, 40
15. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА – 24, 25, 49, 56
16. СТЕВКОВСКИ ТОМИСЛАВ – 5, 30, 39, 50
17. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 7, 10, 11, 35, 50, 51, 55, 57, 59, 74
18. СТАНКОВСКИ ХРИСТО - 19
19. СПИРКОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 26
20. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 28, 31
21. СТАНКОВСКИ РИСТО - 42
22. СТАНОЕВСКИ БОРКО – 36, 52 (Гувернер на Народна банка на РМ)
23. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН – 1, 2
24. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 15
25. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ – 5, 7, 10, 33, 34, 36, 48, 49, 50, 51, 53, 54, 55, 57, 58, 59, 60, 61, 62, 63, 64, 67, 68, 69, 72, 76, 77
26. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 41

продолжува

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Првото продолжение на Шеесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 мај 1993 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со по4еток. во 14,30часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Џеладин Мурати, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов, Симеон Наумовски, Панче Насев, Зоран Крстевски, Наум Симјановски, Симеон Ивановски и Јордан Бошков ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.-.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Господинот Душан Трпчевски бара збор процедурално.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа, мислам дека веќе станав редовна пракса Собранието секогаш да почнува со задоцнување од неколку часа. Тоа се случи и денес наместо во 10,00 сега е 14,30 часот.

Јас се прашувам до кога ваква пракса ќе се практикува во ова Собрание, а понекој пат' средствата за јавно информираше скоро подеднакво сите пратеници не ставаат во тој кош како да сме несериозни, не навреме отпочнуваме со седница итн. Мислам дека претседателството, а поточно речено претседателот на Собранието крајно време е да стави крај на една ваква анархија. Во спротивно, ако така се отпочне, во иднина да знаете дека јас нема да присуствувам на седниците.

Во едно барам претседателот или претседателството на Собранието и писмено да не извести за неодржуваното редовно на седниците на ова Собрание.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Да ве известам дека Комисијата за буџет заврши со работа во 13,00 часот, чекавме до 14,00 да се подготват извештаите од комисиите кои денес работеле. Инаку, сите се согласуваме дека треба на време да почнуваме со работа на седниците.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Мислам дека овој одговор не е точен, затоа што се знае дека комисиите работат под надлежност на претседателството односно на претседателот на Собранието. Ако треба комисиите ќе може ден два пред Собранието да одржат седници на комисиите или во крајна линија поради заштеди дневниците да се намалат и т.н., може уште истиот ден, па седниците на комисиите нека почнуваат во 7, 8 или најдоцна во 9,00 часот според ширината, тежината на работата на таа Комисија и т.н. Мислам дека е крајно време и сериозно треба да се зафатиме со оваа проблематичност бидејќи нема смисла навистина народот во Македонија да го

манипулираме, комисиите работат, не знам што, за се може да се стави крај.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Преминуваме на **Четвртата точка** - <u>Предлог на закон за банки и штедилници.</u>

Предлогот на законот, извештаите на Комисијата за економска политика и развој, Законодавно правната Комисија и Комисијата за финансирање и буџет Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи, никој не бара збор , го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Димов поднесе амандмани на член 15 став 4 за бришење на став 3 на член 41 и на член 117, став 1, точка 1.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандмани на член 56, член 117 точка 5, член 118 и член 119 став 1 точка 1 и на член 130, а Комисијата за економска политика и развој поднесе амандмани на член 10 став 1, член 15 став 5, член 37 став 1, член 39, член 50 став 1 точка 7, член 61 став 1 точка 2, член 83 став 1, член 88 став 3 и на член 102 став 1, со кои се согласил претставникот на предлагачот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Михаил Пановски поднесе амандман со иста содржина како и амандман на пратеникот Тодор Димов за бришење на  став 3 на член

41, со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Тодор Димов поднесе амандман на член 37 став 1 .и за додавање нова точка 13 и за бришење на член 56, меѓутоа на седница на Комисијата за финансирање и буџет ги повлече.

Пратеникот Тодор Димов поднесе амандмани за бришење на став 3 на член 8, а на член 15 бришење на точка 11, за бришење на член 39, член 50 точка 7, член 87, член,90 за додавање нова точка 3, член 91 став 1 и за бришење на став 2, член 102 став 1т член 108 и на член 129, со кои претставникот на предлагачот. не се согласил.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандмани на член 7 став 4, член 103 став 1 точка 6, член 108 и на член 12 8 став 2.

Пратеникот Иван Иванов поднесе амандман на член 90, а пратеникот Михаил Пановски поднесе амандмани за бришење на членовите 39 и 40, на член 72 став 3, член 74 за додавање на нова точка 3, член 87 за додавање нов став 2, член 87, член 90 точка 1, за бришење на став 2 на член 91, член 128 и за бришење на член 129 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стефковски поднесе амандмани за бришење на член 6, за бришење на член 8, за бришење на став 2 на член 10 и на член 11, а пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандмани на член 7 став 4, член 17 став 1 алинеја 6, за бришење на член 18, за бришење на член 48, за бришење на член 50, за бришење на член 52, за бришење на став 3 на член 53, за бришење на член 54, на член 82, член 87, член 89 став 1, 3 и 4, член 9о став 1 и 2, за бришење на став 2 на член 91, член 128 став 2 и за

додавање нов став 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Го молам претставникот, на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Јас незнам, почитувани пратени!ди дали деловнички е можно бидејќи бројот на амандманите кои се поднесени после седниците на комисиите Министерството ги разгледа во име на Владата и не ги прифаќа, од пратеникот Томислав Стојановски и Томислав Стефковски исто. Ако треба за секој поединечно ќе излеземе, меѓутоа, сите амандмани поднесени на комисии, со интензивна работа на комисиите што се надлежни, Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за економска политика и развој се усогласени,-дел се прифатени, дел се повлечени и нема скоро ниеден спор.,Меѓутоа, овие што се поднесени сега кои не биле во комисии ние набрзина ги разгледавме и предлагаме да не се прифатат.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, од произнесувањето на министерот Џевдет Хајредини произлегува дека поради отсуство на време не можело квалитетно да се пристапи кон разгледување на поднесените амандмани од пратениците што тоа го сториле.

Конкретно, само во однос на членот 6 од Законот за банки и штедилници , предлогот е да се брише членот 6 од причина што во него се наведени условите под кои може да се издава одобрение и слично. Имено, побарано е, поведена истрага за кривично дело, бидејќи не е е дефинирано за какво кривично дело се работи, па можно е и за обична сообраќајка да се користи правото бидејќи и во тој случај се поведува истрага за кривично дело да не се издаде одобрение за основање банка. Оттука, сметаме дека треба да се прецизираат условите што значи поведена истрага за кривично дело и кои кривични дела.

Понатаму, во членот 6 се зборува за поведена стечајна постапка. Основач на банка како физичко лице, познато е дека стечајна постапка против физичко лице не може да има.

Понатаму, "осудено за кривично дело против имотот" , се работи за кои имот и дали едно обично имотно дело исто така е и расправа!та што се води меѓу соседите за меѓата и дали еден спор за меѓа како имотно дело може да биде пречка за недобивање одобрение за основање на банка.

Понатаму, "осудено за потежок стопански престап во обласата на финансиското работеше", и ова е еден од условите што нема никакво оправдување и потреба во Законот за финансиското работење.

Од овие причини сметаме дека, а како основач може да се јави странско лице, ќе биде многу тешко , ако имаме основачи странци да се утврдат овие услови што се дадени во членот 6.

Оттука, лично сметам дека членот 6 е неприменлив и оттука и амандманот истиот да се брише.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Фактот дека постои ограничување ако е некој под истрага да не може да основа банка, тоа не значи дека тоа лице трајно е лишено од тоа право. Веројатно таа .постапка ќе заврши и ќе го добие тоа право.

Второ, кога се работи за странски лица, Вие знаете дека целиот концепт на законот е -ѓаков. што се зголемени компетенциите на Народната банка да ги оцени условите за основање на банка. дадено е право на Народната банка: при одлучувањето да дава дозвола за формирање на банка да ги оцени сите околности, па има право и евентуално странците заентересирани лица да се интересира кои се.

Сакам да повлечам дека основање на банка не е исто како и основање на било кое друго претпријатие, затоа што една од дејностите на банката е работа со граѓани и државата, давајќи право на Народната банка да ги испитува и да ги оцени бонитетот, квалитетот и другите пропишани услови за основач на банката, ги обезбедува граѓаните на Македонија, затоа што последиците кои би настанале, доколку се дозволи некој претеран либерализам при основањето на банки, сведоци сме и денес, оваа држава се соочува со огромни проблеми околу тоа, ако се препушти судбината на граѓаните на поединци , без да се има мерка во тоа.

Во таа смисла, треба да имаме повеќе барања при основање на бака, отколку било кое друго стопанско претпријатие. Тоа е интенцијата и суштината на барањата и одредбите на овој член.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, и јас се придружувам кон предлогот на господинот Томислав Стефковски да се уважи неговиот амандман и ќе се обидам да ве

уверам зашто е потребна либерализација околу одредување на овие ограничувања при барањето односно давањето дозвола за формирање на банка. .

Апстрактно кажано, поведување на истрага за кривично дело, колегата Стефковски зеде пример со делата од сообраќајот. Меѓутоа, истрага се води и за други дела извршени од небрежност. Може да се земе за пример секоја "тешка телесна повреда, која може човек "во одреден момент да направи од небрежнсот и да се поведе постапка односно да се отвори истрага и таа истрага да трае повеќе години. Не од умешноста и залагањето на судијата, туку од опстојателствата околу формирање на начинот на собирање на докази, околу предложените докази, нивното обезбедување., нивното изведување, оваа истрага да трае повеќе време,1 Затоа, може да стои и ќе има смисла ако. се поведе оваа истрага за кривично дело за кое е запретена одредена казна, од 5, 10 години нагоре, а не вака само за кривично дело.

Поведената стечајна постапка, таква постапка се спроведува само спрема правните лица односно банки во општествена сопственост или претпријатија. Модерниот свет во приватните претпријатија и други предвидува банкрот, пропаѓа капиталот и оној кој ќе пропадне капитално не може да се јави од друга страна да прави банка, што значи се помешале поимите околу стечајот и банкротството.

Осуден за кривично дело, јас ќе земам едно имотно кривично дело. Во нашиот кривичен Закон постои оштетуваше на туѓи предмети, оној кој со намера да нанесе штета на друг го учинил неупотреблив или трајно оштети туѓ имот односно предмет. Можам да кажам вака. Некој ќе фрли камен и ќе го скрши пенџерето на соседот , тој покрај правото да го тужи за надомест

на штета, ќе има право да го тужи и за оштетување на туѓи предмети. Судот задолжително ќе го осуди, затоа што го оштетил, не што направил штета туку го оштетил и со една таква пресуда човек кој има капитал да може да отвори, банка да основа, ќе дојде под удар да не може да основа банка само затоа што со соседот се скарал околу постоење на скршено или нескршено пенџере.

Последното ограничување , јас незнам на што мислел предлагачот кога одредил осудено за потежок стопански престап во обласа на финансиското работење. Ние квалификација на престапите во област на финансиите немаме по друг основ освен под запретена казна. Таму сите се парични казни и висината на паричната казна не го чини престапот за полесен или потежок, што значи дека за секој стопански престап од обласа на финансиите ќе може да биде ограничен. Ова го велам од причина што таму казните се предвидени, минимумот е од 50 до 250 плати. Значи, изнесените 50 плати. ќе треба. да се ограничат вложување' на жив капитал на одредена висина.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

24 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 6 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 4 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

По дополнителното разгледување, Владата не го прифаќа овој амандман на Комисијата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот...

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да. кр4не рака? (5)

Констатирам дека;Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 4 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Драги пратеници. Ценам правото да може да се одлучува по амандманите и на самото Собрание. Меѓутоа, јас не само на член 7, туку имам поднесено на овој закон денеска 13 амандмани. Сакам да ми дозволите овие амандмани да ги разгледа Владата, а не претставник на Влада овде да се произнесува, дали ги прифаќа или не и овие амандмани според нивната тежина да одат и на оценка и на работните тела на Собранието, па дури тогаш ако се заземе спротивен став од овој предлог, јас ќе говорам по својот амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Јас сум овластен во име на Влада да ги прифатам и да не ги прифатам поднесените амандмани. Според тоа, цениме дека нема потреба

Владата работните тела да ги разгледуваат, а сигурно ќе беше подобро да беа поднесени на време и да беа разгледани на комисии на Влада. Тоа и јас не негирам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ ;**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседавач јас бев јасен, доколку Собранието не го прифати мојот предлог овие амандмани да одат во редовна процедура во сите комисии на Собранието и на Владата, јас тогаш ќе говора по амандманот, а вие откога го слушнавте излагањето на министерот ја заклучивте расправата. Сметам 'дека предвреме ја заклучивте расправата. Прв пат треба да се одлучи по мојот предлог дали Собранието ќе го прифати овие амандмани да се достават до работните тела и до Владата или не.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Имавме мислеше на претставникот на Владата и мислењето на подносителот на амандманот. Јас го ставам на гласање. Дали Собранието се согласува по амандманот да се води во комисиите на Владата.

Кој е за амандманот да се води расправа на комисиите и на Владата.

За предлогот гласаа 2 6 пратеници, што значи не е усвоен предлогот да се расправа во комисиите.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Било како било, нека биде. Секогаш сме мајстори да најдеме начин да направиме скандал. Дали ова на некој му треба или не му треба ќе го

оставиме тоа за друг ден, процедуралните работи кои се предвидени со деловникот, ние не можеме да ги гласаме. Јас . бев толку либерален, толку демократа, па нека и овој предлог оди. Дали ќе го прифати или не ц тоа е право на Собранието.

Господа, за ставање на либералност ограничувањето да\ биде полиберално, помало, да можат да се појават повеќе субјекти кои ќе вршат финансиски и други услуги по пат на банки и штедилници, предлагам во чл.7 бројката 3 милиони да се замени со милион ипол, и бројката милион да се 'замени со 800 илјади. Тоа е по однос првиот и вториот како парични средства потребни за основање на банката се сметаат и девизните штедни влогови по постојните домашни банки и банките на бивша СФРЈ, сопственост на граѓаните кои одлучуваат да бидат основачи на некоја банка.

Зошто ова го предлагам? Со намалување на цензусот за основање на банки и филијали на банките се дава можност за формираше на поголем број на приватни банки. Тоа ќе ја зголеми конкуренцијата во банкарскиот систем и ќе се оствари пазарната економија. Девизните штедни влогови се капитал на граѓаните, како можат да се ограничат да бидат само на едно место, е основното прашање, понатаму кој може да се насочува според желбата на граѓаните. Тој капитал според Уставот и содржината на законот на банките, ако се вложи за стопански цели треба да носи добивка. Против уставно е ускратувањето на можноста на граѓаните своите девизни штедни влогови да ги употребуваат како основачки влог во постојната, друга, или во новоформирана банка. Девизните штедни влогови и сега се во банките и тие ги користат. На тој начин тие на туѓи сметки исплатуваат високи плати без економска оправданост. И затоа е кажано дека не можат да бидат вложени, а истите банки кои ги поседуваат тие ги појавуваат како основачки капитал. Тоа е една нелогичност.

Во Законот за .продажбата на општествените станови и Предлог-законот за приватизација ;се предлага девизните штедни влогови да се вложуваат во акции, значи таму може да биде во акции, а овде кај финансискиот капитал не може да биде. Зошто е тоа ограничување со правото на располагање на сопственикот на средствата. ^ Затоа, нема ни причина со' тие пари> да не се основаат банките. Со овој амандман ќе се обезбеди слободно 'располагање со заробените штедни влогови на граѓаните, слободно добивање на дивиденда, сега кога ќе бидат основачки капитал тие ќе можат да имаат и дивиденда. Досегашните банки иако велат дека ги немаат, меѓутоа,.наплаќаат камата и неоснован се богатат. Ова се мали права на граѓаните штедачи во однос на тоа што можат да го добијат како свој капитал! ако бидат вложени во вакви институции на кој начин би се ублажил и онака тешката положба на девизните штедачи.

Јас и реков како може со постојните банки, со овие штедни влогови да се формираат такви банки, а сега на овие луѓе да им се забранува. Затоа ве молам, размислите за ова посериозно и кога ќе одлучите да кренете рака сметајте дека носиме и одговорност за правата на граѓаните по однос на нивниот имот, кој имот овде се употребува депонирани средства. Граѓаните никаде не депонирале средства туку вложиле штедња. Ние по позитивните бивши закони ги натеравме државата да ги депонира кај народната банка на Југославија и тие пари таму останаа и сега не можеме да најдеме друг начин, освен да им кажуваме е сега ова имаш право, она имаш право, што да правиме, тие пари се депонирани, одлучено миадо договорот со штедачот. Сега тоа нека одлучи каде тој ќе ги депонира тие средства иако му пропаднат ќе значи дека тој погрешил, а не друг грешил, а тој платил долг.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас би сакал да го поддржам колегата Стојановски околу дополнувањето на член 7 од овој предлог закон, во таа смисла што навистина три милиони германски марки како основачки капитал е многу. Би сакал да потсетам дека и сега како основачки капитал за основање на банка е милион и петстотини илјади германски марки. Ова од причина што и во Комисијата за економска политика и развој стана збор за овој проблем, жал ми е што навистина овде брзо помина амандманот на таа Комисија поради што фактот и на Комисија за економска политика и развој беше речено дека со цел омасовување на банките цензусот треба да биде толку колку е сега, односно милион и петстотини германски марки. Како што стана збор и за тоа за основање на штедилници не треба да биде 150 илјади мерки, туку 50 илјади марки> нешто што е предложено, од другите колеги како амандман Меѓутоа, кога станува збор за банките инсистирам и се залагам за тоа да се поддржи амандманот од колегата Стојановски, заради тоа што ако сакаме ние навистина тој монопол што го имаме со банките колку толку да го сузбиеме, а со цел да се вклучиме поуспешно во пазарната економија и во овој домен, јас мислам дека милион и петстотини германски марки не се малку за наши услови за основање на банка, а во текот на живеењето сигурно банката ќе инсистира да го зголеми својот потенцијал и поуспешна да биде во пласирањето на средствата и во работењето. Според тоа мислам реално е дека да се продолжи со сегашниот начин, со сегашниот цензус, кој патем да потсетам за тоа дека пред само три четири месеци беше 300 милиони денари, односно сегашни 300 илјади марки, а се покачи за пет пати.

Според тоа, јас мислам дека е нереално сега да се оди на 3 милиони германски марки. Затоа го поддржувам предлогот и како пратеник, а и во името на Комисијата за економска политика и развој, каде што навистина

беше нашироко расправано и оценето дека во сегашниот момент најреално е да се оди на милион и петстотини илјади германски марки како можност за основање на банка.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, јас во врска со амандманот на господин Стојановски би сакал неколку збора да кажам, како и претходниот дискутант што рече дека тој е доста оправдан во времето кога се воведуваат нови односи во банкарскиот систем во целина и кога градиме нов систем на пазарна економија и т.н., неминовно е прифаќањето на амандманот на господин Стојановски од причини што на одреден начин се прави едно омасовуваше во однос на отворање на приватни банки, каде што според искуствата на другите западни земји и те како тие се битни во развојот на целото стопанство на Републиката.

Сметам дека сепак ние и понатаму според предлогот што е даден во овој закон има еден монополски однос кон тие банки, како такви, сметам дека би требало висината на средствата на основачкиот капитал да го прифатиме како што е предложено овде и му давам полна поддршка на амандманот на господин Стојановски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во концепирањето на овој проект, или општо така да кажеме на системот на концепирањето на банките, од поодамна се води поголема полемика, не само овде, туку и во бивша Југославија.

За да се воспостави една рамнотежа на банкарскиот систем секој може да го изнесе од нас сопственото мислење, меѓутоа, ако сакаме да се

остварува функцијата во новосоздадената држава, без добри фундаменти на банкарски систем, веројатно тоа нема да биде во можност да го оствари, ниту банката, ниту државата, а помалку субјектите кои ќе учествуваат во сето тоа.

Ако се направи еден аналитички приод врз висината на цензусот, моето лично мислеше и е длабоко убедување,но во интерес на времето сакам да кажам дека и овој цензус што се предлага и г, за штедилниците и за банките е мал. Мислам дека не треба да давам поголемо образложување за тоа зошто е мал, кој ќе бидат ингеренциите, кои ќе бидат компетенциите, каква ќе биде пренадлежноста на Владата, на банките на монетарниот систем и т.н. Па оттука., мисла« ако се впуштаме, тогаш би требало сите овде да докажеме дека и кон тој цензус од три милиони! германски марки за банките, или како што се предлагаше со амандманот за 50 или 60 германски марки за штедилници , тогаш треба овде да го елаборираме и одговорноста за конципирањето на моделот на банкарскиот систем, да го симнеме од проекцијата на овој закон и да го префрлиме предлогот не на Владата, туку на Парламентот. Мислам ако настојуваме во оваа ситуација да го менуваме концептот проектот на банките преку цензусот мислам дека ќе направиме голема грешка на оваа држава.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господа пратеници, прво да го оставиме концептот, ова нема врска со концептот зашто ние ако сакаме да имаме пазарно стопанство ние не можеме да вршиме компарација со една Америка зошто и во образложението Владата во секој закон зема пример Америка или некоја друга западна земја. Камо таа среќа ние да сме на сред пат према Америка, меѓутоа ние сме далеку. Тоа е прво.

Второ, . да ги земеме нашите услови под кои ние работиме и каков капитал имаме. Ако некој мисли дека ние овде ќе имаме американци, јас се сложувам. Меѓутоа, и овој цензус према амандманот на господинот што е предложен и овој е голем ако навистина сакаме некои работи да ги канализираме.

Од друга страна јас се прашувам дали за две години, незнам колку ќе биде точно тоа, дека и постоечките банки што ги имаме, дали ќе го имаат овој цензус ако ја знаеме суштината и судбината на овој банкарски систем, иако се работи. за монетарна реформа за концепт на банкарството, тогаш дај да слеземе на земја и да го прифатиме амандманот.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ: .**

Почитувано претседателство, дами и господо пратеници, јас го поддржувам амандманот и ќе гласам за него затоа што сметам дека во оваа демократија не треба да постои ограничување само неколку моќници да отворат банки, она, ограничено со 3 милиони, а да не можеле другите. Тука треба да дадеме можност да ги пробаат силите и другите и повеќе да има конкуренција и така дури и 1.500 е многу, а камоли да одиме на 3 милиони.

Сметам дека амандманот држи место да се поддржи и е правилен да можат повеќемина да отворат а не да биде ограничен само на неколку моќници,. Камо таа среќа да дојде некој однадвор и да го прифатиме, па

нека има конкуренција. Исто така се согласува и со тоа амандманот да се поддржи, зашто само им дозволуваме на штедачите да можат да вложат со законот само за акции, а да не можат кој имаат 600- 700- 800 и илјади или долари па да не можат и тие да учествуваа во ваква дејност. Затоа предлагам и тој амандман~да се поддржи да можи и оние штедачи кои имаат поголема сума на пари, двајца- тројца., да се здружат и да можат да ги употребат парите за отворање на ваква дејност

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, сметам дека амандманот поднесен од пратеникот Томислав Стојановски не треба да се прифати, од причина што во предлог законот сега имаме едни нови решенија кои на одреден начин се врзани со овој амандман односноо со цензусот што е предвиден со овој амандман да за формирање односно за организирање на банка минимум бидат 3 милиони германски марки. Ако само по денешните цени го изразиме тој однос на 3 милиони германски марки тоа е една мала мини стоковна куќа . Јас поставувам прашање ако почне на одреден начин е едно еуфорично формирање на банки и исто така се поврзи со гаранцијата што Народна банка ја дава по однос на штедните влогови како девизните, така и денарските, тогаш сигурно ќе се ставиме во функција ризикот кај самите штедачи и неискуството со работа со приватните банки ќе дојде до израз што сега во соседна Србија е на одреден начин пракса.

Од тука сметам дека гаранција за штедачите е токму. лимитот односно сигурноста на поседувањето на тој штеден влог вложен од страна на штедачите и сигурно овој цензус по мене и овој мал цензус, но во секој случај е предложен од страна на Владата, сигурно во рамките на одредени решенија кои што ги има и во други држави и сметам дека на одреден начин

со смалувањето на овој цензус ќе се зголеми најверојатно и бројот на тие потенцијални основачи на банки, а со тоа ќе се зголеми и ризикот кај штедачите, кај таквите потенцијални банкари за на одреден начин да не можат да си остварат утре своите права од штедните влогови, бидејќи со овој закон веќе се лимитира гаранцијата на Народната банка само на 10 илјади марки по секој штедач, што значи дека ризикот сега го носи секоја банка оттука сигурно според мене банка не може да обезбеди основачки влог 3 милиони германски марки. Што значи дек§ треба да се оди во другите сфери, во делот на самото организирање на банкарството, посебно на мешовити банки итн. и во секој случај со мешовитите банки ќе се поттикне таа конкуренција и на одреден начин ќе дојде до израз она што сега го немаме и оние банки што сега се однесуваат како моноцолистички во тој момент сигурно ќе дојдат на удар на конкуренцијата и во секој случај ќе биде во функција на одреден начин да и својата сегашна работа на одреден начин да ја променат и бидат во функција на самите штедачи.

**ХРИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас на почетокот да се изјаснам сум против овој амандман од две причини. Прво, не слушнав ниту еден аргумент од предлагачот зошто токму се предлага од милион марки, зашто да не биде 1 милион и 400 илјади, зашто да не биде милион и 60 0 илјади, зошто токму милион ипол. Или кои се правите аргументи врз база на која анализа се дојдени до оваа сума што се предлага од предлагачот. Мислам дека тоа е многу битно.

И, второ, принципот на разгледување на овој проблем треба да се гледа од два аспекти. Првиот аспект, по мене е, заштита на штедачите, а вториот аспект е проблемот на можноста на одредени наши граѓани или правни лица да основаат банки.

Прво, ако се земе аспектот на вложување мислам дека апсолутно не е голем износот од 3 милиони марки бидејќи и самиот закон овозможува да не мора да биде еден основач. Ако некој сака да биде банкар. може да се здружат двајца, тројца, десет, петнаесет, дваесет луѓе па да ожниваат банка. Ако некој толку сака да биде банкар, па така би можел некој со 50 иљади марки да стане банкар, односно да стане основач на банка. Така да не гледам никакво ограничување према никои граѓани да ако решил да се занимава со банкарство или сака да биде газда во некоја банка Да не може да основа банка. Доволно е да најде доволен број луѓе кои ќе се расположени за оваа работа и според тоа, тоа воопшто не;е проблем.

Втор аспект е заштита на штедачите. Јас ве молам, сепак оваа сума од 3 милиони германски марки нешто гарантираат и ве молам да имаме во предвид некои состојби од некои земји, па да не ни се случуваат некои дафименти или газда језди на овие простори. Сепак сум да не може било кој и со минимални средства да отвори банки. Од тие причини предлага амандманот да биде отфрлен.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Интересна дебата се води во овој Парламент. Ако имаш милион и 500 иљади марки да отвориш банка, другиот сака ако има 700 иљади марки ќе отвори банка. Едниот вика ако има 100 иљади марки ќе отвори штедилница. Другиот вика ако имам 50 иљади марки ќе отворам штедилница. Се поставува прашањето, прво, искуството во светот докажа, јас не сум некој економиста, јас ве сослушав така убаво сите што говоревте и не купувам зошто немам пари. Од сето тоа го сумирав и извадив една синберагма. Видете, искуството во светот покажа дека ако банката, ако луѓето кои што работата во банката, работат добро нормално таа банка ќе биде перспективна и штедачите ќе имаат доверба во таа банка. Ако банката не

работи добро и ако имаш влог од 3 милиони долари или повеќе таа банка ќе пропадне. Меѓутоа, прашањето е друго, прашањето е друго и се прашувам, кој е тој човек и од каде е тој човек кој има милион и 500 илјади и повеќе марки од нас тука и отвора банка. Дали тука може да настане малверзација. Се прашуваме. Викаме дека ќе постои закон при регистрацијата на банката , треба да покажеме милион и 500 марки. Дали може да настане малверзација како што обично кај нас станува, да ја регистрираме банката без доказ. Можеме? Мене ми се чини можеме. Ако мрдаме со главата, ама можеме. И сега што ќе стане? Штедачите се сигурни дека банката располага со капитал од милион и 500 марки, и почнуваат влоговите на штедачите. Секој штедач внатре внесува пари и фактички сега таа банка почнува да работи со туѓи пари, која подоцна бидејќи сме сведоци на една .ситуација во која ги доведовме штедачите, тие пари тој газда на банката исчезне од пијацата, од пазарот, од банката и отидоаа парите на штедачите.

Ова го имаме и сега ние во увид и видовме дека иако има државни банки кои гарантираа правото на штедачите кога сакат да ги земат парите од банката да ги користат за разни цели штедачите од државата беа излажани и останаа без пари. Незнам дали вие тоа можете да го разберете, тоа што е жив доказ и се случи во овие последните години. Е, сега, добрите економисти (сега и системот кој трае уште кај нас) можеби од влогови , од кредити кој ќе добиеме од разни установи од странство и ги надоместиме парите изгубени од штедачите.

Или по второто од продадените станови да ги задоволиме штедачите, не од нивните пари туку од општеството од кои ги користиме сега тие средства. Значи државата, законот кој ќе го донесеме за банките кои треба да се формираат според мене, не ќе значи дали тој ќе внесе милион и 500

марки или 2 милиони марки, тоа зависи од законот кој ќе го донесеме, но треба да внимаваме дали фактички тие луѓе внесуваат и од каде внесуваат пари. И тука лежи зајакот, а можеме секој од нас да регистрираме банка или штедилница без да го имаме зајакот каде што треба.

Како последно сакам да напоменам дека при формирањето на банката треба да снима и човекот кој ја формира банката. За да се формира банка треба да се снима, тука е и господинот гувернер на банката кој ќе биде и поодговорен за^тие банки, така, треба да се снима и човекот од сите профили, од сите страни, да видиме дали тој е човек кој може да формира банка и каде што ќе имаат доверба утрешните штедачи.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ќе се изјаснам против амандманот: на член 7 за цензусот од следниве причини. Прво, јас ќе кажам една интересна математика, цензусот кој се предлага со милион ипол германски марки одговара на месечен бруто личен доход на фирма со 3000 вработените. Ако е просечен месечен личен доход 500 марки, бруто, 500 марки х 300 вработени тоа се милион ипол марки. Значи за да стекнеме колку е цензусот што се предлага тоа е еден месечен бруто личен доход на една фирма од 3 00 0 вработени. Тоа значи дека една таква фирма која редовно исплаќа за бруто личен доход, само за бруто личен доход исплаќа основачки влогови годишно на 12 банки кои што можат да се основаат. Тоа навистина делува чудно.

Исто така се прашувам со толку мал основачки блок, инаку јас мислам дека и 3 милиони марки можеби е спорен износ имајќи ги во предвид цензусите кои важеа во државата во која порано живеевме СФРЈ, и еве сега еден наш колега ме потсети дека од Македонија предлагале 12 милиони да биде цензусот, но на времето тоа било одбиено во сојузните органи, што

значи и тогаш имало една политика на заштита.

Меѓутоа, во член 37 ние во овој закон што го прифативме во оваа фаза одредуваме кои работи може да ги врши банката. Јас ќе наведам, нема сите да ги читам, ги имате, примање на сите видови парични депозити, давање и земање на кредити, девизно валутни работи купуваше на меници и чекови, емисија на хартија од вредност, издавање на парични картички, чување и управуваше на хартии од вредност, нивно продавање итн. итн., издавање емства, гаранција, вали, вршење на работи на платен промет во земјата итн. итн. да не набројувам, има премногу функции за да може со толку малку пари да се гарантира нивното извршување.

Нема да ги повторувам аргументите кој ги кажа господинот Ристо Станковски за заштита на граѓаните со цензусот кој се воведува од аспект на нивните влогови, меѓутоа ние треба исто така како Собрание кој во функција како законодавец го носи законот за банки и штедилници да размислуваме и за заштитата на државата, па дури и во светло на ограничувањата кој ги донесовме пред некоја седница, до кој износ се гарантираат штедните влогови на граѓаните, меѓутоа мораме државата да ја заштитиме затоа што знаеме дека буџетот на РМ е гарант на девизните штедни влогови, а Народната банка на динарските штедни влогови, па со волку мал цензус кога банките не би можеле тоа да го исплатуваат се доведуваме со законот кој што ние сами го донесовме во непријатна состојба РМ и банката на РМ автоматски да ги покриваат тие гаранции доколку банката нема. Значи не сам граѓаните туку треба и државата РМ да ја заштитиме од банки со мали основачки влогови.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, најнапред да кажам дека јас ќе гласам против амандманот од следните така да речам причини кои што ценам дека се навистина издржливи и кои што на некој начин го определуваат моето мислење по овој амандман а тоа е следното:

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:** (продолжение)

Спрема мене, кога би се зборувало за висината на цензусот, за да Македонија може да постави таков- банкарски систем кој што ќе одговара на она за кое што ние се стремиме за пазарниот начин на стопанисување. Овој цензус кој што е предложен за банки и штедилници би можел да биде и поголем, но во секој случај бидејќи еве за прв пат донесуваме закон во кој што навистина сметаме дека треба да се определи еден цензус за отворање на банки и штедилници :кои што на некој начин ќе бидат навистина потпора, основа за понатамошното работење на банката или штедилницата. Од тие причини сметам дека во денешни услови е оптимален износот од 3 милиони денари во противреднрст на германски марки. Бидејќи цело време овде,се зборуваше :дека се потребни 3 милиони германски марки. Мислам дека таа заблуда треба да се оттргне ако се прочита членот 7 од Законот за банките и штедилниците, каде што стои дека тоа е денарска противредност на 3 милиона западно- германски марки.

Инаку, сметам дека една од причината за да остане она што е предложено во членот 7 на Законот е и следното:

Да стабилноста на банката која што ќе биде со еден ваков цензус се потврди и во интересот за вложување од страна на штедачите. Едно е интересот, а исто така друг аспект е обезбедување на сигурност на работењето на банката, бидејќи секој ќе вложи во онаа банка во која што ќе биде сигурен. За да биде сугурен во стабилноста на таа банка мора банката да има свој банкарски капитал со кој што ќе гарантира на сите оние што ќе вложат одредени средства, дека во одреден период ќе можат да ги подигнат тие средства, дека банката ќе им исплати одредена банкарска камата која што тие исто така во одреден период ќе можат да ја подигнат

и дека тие ќе бидат пред се сигурни дека во така банка вложувањето е во ред. Бидејќи сега Народна банка гарантира за штедните влогови противредност на 10 иљади западно- германски марки, направив една математика. Фактички со 3 милиона противредност на западно- германски марки се гарантира само на 300 штедачи кој што ќе вложат во таква една таква банка. Па поради тоа, сметам дека не може да оставиме и понатаму како што беше во овој временски период кога и со законот за претпријатија за денешни 20 денари може да се регистрира одредена фирма, правно лице, но исто така и банка. Спрема тоа, мислам дека аргументите кој што стојат треба да се респектираат и предложениот амандман да не се прифати од страна на предлагачот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор?

Господинот Спирковски.

**АЛЕКСАНДАР СПИРКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, веднаш да ја изразам својата поддршка на понудениот амандман во смисла на тоа што забележувам дека сепак на некој начин теоритетски се поставува проблемот по однос на тоа како треба да изгледа и на кој начин треба да работи една банка. Зошто се поставува теоретски проблемот во смисла на тоа што се бара одредена сума која е понудена во овој амандман и која се негира на некој начин дека истата не ќе ги задоволи потребите за нормално и тековно работење на една банка од едноставни причини што се знаат сите ситуации по кои се појавува банката како институт во работењето односно во секојдневното работење. Меѓутоа,

јас тврдам и понатаму дека овој проблем се поставува теоретски во смисла на тоа што јас најодговорно од оваа говорница кажувам дека во Републикава на вака поставени односи, ние и немаме банки. Во која смисла истото го кажувам. Ако проблемот со штедачите е актуелен и ги добива димензиите кои се присутни тука, веднаш се кажува дека и овие банки кои работат можеме слободно да ги запрашаме во однос на тоа со колкава материјална основа истите располагаат. А ќе видиме дека истата е премногу мала, односно истите не можат ништо повеќе од 10 0 марки да исплатат на своите штедачи. Па, земете со која ликвидност и бонитет денешните банки работат. Тоа како практичен проблем со кој секојдневно се судруваме како ситуација. А, од друга страна присуствуваме на работи кои, исто така се случуваат, односно сите банкарски лица кои работат во нивните банки добиваат добри лични доходи.

Сметам дека овој амандман ја изразува реалната состојба во Републиката и сметам дека и покрај сите опасности кои ги носи секое работење, а тоа е опасноста од ризик, можеби и некои работи што можат да се јават и кои ќе подлежат на кривично гонеше, сепак, треба да се овозможи на граѓанинот да се искаже и во оваа област. Јас само накратко ќе ве потсетам дека исто така веќе кога се усогласуваме за услови за пазарно работење можеме истиот принцип на споредба да го земеме и со начинот на кои што се основаат приватни фирми. Вие ќе забележите една состојба мала и незначителна сума која се појавува во основање на приватни фирми, за да може еден приватник да работи како истиот влегува во сите оние ризици, а се регистрира само со 8 иљјади денари депониран влог регистрира фирма. А работи во секојдневниот живот. Сега за банките бараме некои особени услови, а практично ја знаеме економската моќ на

нашиот граѓанин. Едноставно не дозволуваме и во оваа област да се наметен конкуренција. Јас ова едноставно го сфаќам како движење на капиталот, овозможување да се движи капиталот, а не капиталот да го замрзнеме и оваа област повторно да ни остане недопирлива во смисла на тоа и натаму овој тренд на работеше да се задржи и понатака ќе имаме понополи, ќе имаме банки и понатаму кои не ќе можат да им исплатат на своите штедачи, не ќе можат да го исплатат она што им припаѓа и што е нивно. Сметам дека најсериозно треба да гледаме и да се носиме со практичната состојба во која се наоѓа Републиката. Многу лесно е да се споредуваме со Германија или со Америка или со друга развиена земја. Меѓутоа нашата стварност е таа. А јас верувам дека со дозволување на конкуренција во оваа област дека ќе се изградат многу добри деловни односи.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не излегов да кажам кој и зошто е од овде во врска со амандманот, туку излегов во врска со текот и расправата што го предизвика амандманот и силната "аргументација", што овде беше искажана за и против. Мислам дека искажувањето на ваквата аргументација во основа е фалшлива од следните причини. Ако се знае дека основниот принцип на банкарското работење е довербата и се од тука од тој пат протекнува понатаму, тогаш многу држи аргументацијата на предлагачот дека цензусот во однос за основање на финансиски организации треба да биде повисок од причини што претходно граѓаните и другите субјекти кои треба да работат со банката да стекнат доверба во таа институција. Основниот

елемент кој се стекнува на довербата првично е дека од одредениот субјект располага со одреден финансиски капитал кој над комитентот ќе му гарантира одредена сигурност на почетокот на работата.

Од друга страна причините за ваквото залагање цензусот да биде повисок може да повлечат и спротивна аргументација дека на таков начин се ограничува можноста за навидум за формирање на банкарски институции, што сметам дека не држат, затоа што мислам дека субјектите и лицата кои имаат сериозни намери да формираат вакви институции и обезбедуваат еден цензус од 1,5 милион во вредност германски марки во услови кога цензусот би бил повисок, тогаш со заеднички договор на 2 или повеќе субјекти можат да го постигнат и ;тој цензус од 3 милиони марки. При тоа да не. биде тоа лимитирачки фактор таквиот цензус да можат и тие да се откажат од намерата да формираат финансиски организации. И ако држам до принципот дека на многу повеќе субјекти треба да им се даде можност, а и правото да го искористат практично тоа, веројатно, и сигурно дека и самиот живот во понатамошното работење ќе покаже и ќе докаже дека само добар мал дел од тие финансиски субјекти ќе можат да опстанат во практиката, практично, само оние кои ќе ја стекнат довербата кај комитентите за работа. Оттаму, јас мислам дека аргументацијата што по овие амандмани се разви, мислам дека е вештачка и дека треба да се поддржи предлогот на предлагачот, што сметам дека не е ограничувачки во однос на формирање на финансиски организации односно банки и штедилници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Господинот Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Немав намера да се јавам, меѓутоа, од еден од дискутантите бев прозван. Во предлогот на амандманот не се дадени причините од каде е дојдена основата на противредност денарска од еден и пол милиони германски марки. Меѓутоа, не гледам ни причини за бројката на предлагачот од каде нашол токму 3 милиона. Тоа е појдовната основа. Јас своето оправдување го наоѓам во постојниот закон каде до сега опстојувал. Тоа е по однос на бројот.

Господа, јас сакам да се настои во моето излагање во размислување на Наќе Стојановски дека на пазар може да оди секој. Ќе остане оној кој ќе има доверба. Тоа е мое сфаќање кое тој го изнесе. Од каде сега токму доверба ќе има оној што има 3 милиони марки, а оној што има еден и пол милион марки нема доверба. Дали тоа ќе биде основа или ќе биде работењето. Ако е основа за опстанок. работата, тогаш јас се прашувам зошто ако имаме 10 банки со по 3 милиони. основ, да имаме 30 вработувања. А ако имаме 30 банки со по 1,5 милион, да имаме 300 вработувања. Никој сам не може да опстане. Тој што ќе внесе капитал прв пат капиталот се пласира, а веднаш некој оди на штедна книшка и од таму ќе се соберат парите.

Господа, што ние како држава досега направивме на штедните вложувачи. Која е таа основа со која ние ќе би убедиме постојните банки кои имаат апсолутна недоверба кај штедачите да имаат доверба сега штом ќе го зголемиме цензусот. Дали сакате со ова недоверниот да го направиме доверен. Не, треба да направиме кој ќе биде работен и да имаме средства за работење, а не средства за ограничување. Одговорот на прашањето од каде е цензусот го најдов во законот, а не го најдов од каде е цензусот на 3 милиони марки. Сигурно ќе каже дека оној што повеќе вложува како

гаранција е поголем гарант. Меѓутоа, што ќе ни понуди тој како извршител на работата, тоа е основното и таму се добива во довербата, а не во гаранцијата. Ние ќе дадеме декларативна гаранција, имавме ние и со 12 милијарди долари, само тие пари завршија во НБ на Југославија и сега со тие пари можам да кажам слободно се војува на некоја страна, а ние овде измислуваме 300 варијанти да ги убедиме луѓето дека некој друг ги вложил парите на друго место. Реков, моето залагаше е граѓанинот да одлучи каде ќе ги биде. што е најбитно сега се акционери, а не гаранти. Акционерот е тој што сам на себе си гарантира. Тој купува акции и на тој начин и штеди.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Точно и толку, поради таа аргументација што мојот уважен колега овде ја кажа. Затоа што само ако малку погледне во преодните одредби овој цензус не е само за формирање на нови финансиски организации, туку и ја решава и судбината на постојните финансиски организации, кои во зависност од висината на сегашниот капитал со кој располага можат да дојдат под удар на овој закон. Точно за тие за кои зборуваше од оваа говорница. А амандманот што е поднесен точно и на нив им дава можност да преживеат во ваквата ситуација, во каква што ќе се најдат при евентуално усвојување на амандманот. Тоа е првата работа.

Втората работа е сигурно дека довербата не зависи само до финансиските можности на субјектот, но сигурно е и тоа дека тоа е клучниот аргумент за да се стекне доверба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?.

Господинот Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Повеќе од сигурно е дека оваа материја е многу прецизна и бара големо финансиско познавање, и банкарско познавање на работите. Ако кај нас уште е традиција еден преод од еден на ,друг систем на кредитирање и развој и т.н., тогаш ние или ќе основаме банки да се викаат навистина банки, или ич нема да правиме. Односно сигурен сум дека ќе се сложите со мене дека нема да правиме такви банкички, кој што ќе личат на едно време пред бивша, бивша Југославија два пати велам бивша, оние лихвари што даваа по 10 жолтици и т.н. па ете ќе им вратиш 15 жолтици. Сакам да кажам дека и угледот на РМ надвор треба да биде таков што реков дека повеќе луѓе нека се здружат и нека навистина направат банка која ќе има почетен капитал многу поголем, отколку ова што е со сите марифетлуци, 3 милиони марки и т.н. Мислам дека тоа е многу малку и срамота. Не е во прашање овде, дали ние сакаме пазарна економија или не сакаме. Ние сакаме пазарна економија. Но, и за пазарна економија со ваква ефектива, тоа би било чудо. Па, според тоа, јас и ова не би го прифатил овде што е 3 милиона. Тоа треба да биде нешто поголемо. Нека се здружат повеќе, нека формираат банка и друго. Тоа е еден пласман, се работи за пласман на средства. Нема добра работа и не работи добро. Што ќе пласираат 3 милиони, каде ќе ги пласира. Тие треба да вртат, треба камата. Ќе работи добро тој што ќе даде поголем рок на враќање и помала камата и т.н., ќе се

вртат повеќе пати средствата, ќе бидат ефективни и ќе добијат повеќе пари. Тоа е тоа и тоа е гаранцијата. А, сигурно гаранцијата1 е она што вака зборевме како луѓе и човекот кој е и луѓето кој се кој раководат и т.н. Според тоа, мислам дека ова е малку 3 милиони марки.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Господинот Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, амандманот има 2 дела и треба да се води сметка дека се предлага И;додавање на нов став, па и околу тоа предлагачот на амандманот изнесе свое образложение. Околу оваа дилема на кој начин се утврдува износот економската наука недостигнала таков степен на егзактност дека за ова постојат математички формули прецизни, меѓутоа износот од 3 милиона повеќе базира на некои искуства на земји кои се во слична фаза на трансформација на своите системи. Постојат 5 милиони долари најмалку итн. и мислиме дека од сето она што располагаме со информации износот од 3 милиони германски марки не е толку голем за да тој навистина спречи конкуренција, спречи иницијативи и т.н. и во членот 8 како што гледате таму потребно е да се здружат најмалку според овој предлог 10 души по 300 илјади минимум да формираат банка.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Треба да се води сметка,не изолирано да се набљудува тоа дека три милиони е многу. Ако се знае дека дејноста на банката која понатаму е за тоа да одобрува кредити, да поттикнува развој итн., таа мора да располага со средства бидејќи тоа е основна функција на банката. Некој правилно; рече дека . банката се занимава со кредити а зборот кредит значи доверба, доверба ќе имаат граѓаните кај оние основачи кои знаат дека располагаат со повеќе средства и Владата не ни дека не е износот голем за да спречи проздор на пазарното стопанство, на слободите на претприемништвото итн. Такви износи веќе има. Ние во нашиот предлог сме; најниско од неколку земји слични на нас.

Второ, да се овде инволвира проблемот. на девизното штедење и да се каже овде дека е тоа реален имот и дека тој може да служи сега како составен дел на цензусот за основање на банка, не е во ред. Не е во ред од причини што државата навистина признава дека е тоа долг на државата спрема штедачите. Признава со закон дека е долг на државата спрема тие граѓани. Меѓутоа за основање на банка сега се бараат реални пари а реални пари не се тие, како што рече господинот Стојановски, тие што се уплатени во Народна банка и јас се согласувам и служат некаде за водење на војна. На кој начин ако му признаваме дека е он сопственик ќе одобри он веднаш кредити на база на тој штеден влог, ако судбината негова ние ја знаеме. Тој проблем не може да се врзе за овој затоа што ние наскоро ќе расправаме и за можностите за решавањето на девизниот влог. Може да биде целисходно ако на тие луѓе им се нудат реални противвредности. Па ние имаме две концепции околу тоа и при продажбата на деловниот простор и при трансформацијата на општествениот капитал даваме можност тие за еквивалентот на средствата што им се заробени да станат сопственици на реални материјални вредности. Овде не е исправно тоа да

се спомне затоа што суштината на цензусот е парите да бидат во готово и утре таа банка да почне да одобрува кредити. Додека судбината на штедните влогови е таква што тие не можат да се рамнат со готовите пари што основачот треба да ги внесе на одредена сметка и да докаже дека ги има за да може да одобри кредити.

Откако во втората фаза ќе им обезбедиме да можат да станат реални претпријатија општествени или државни, дури тогаш тие можат нив да ги претвора во пари, ако сакаат, па да формираат банки, не директно со признавање на влогот во овој цензус. Исклучена е таквата можност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас министерот не го напаѓам, ќе го нападнам неговото излагање.

Јас го ценам излагањето на министерот меѓутоа останува една незнаница. Барам одговор како може некој со нереални пари да купува стан. Како може да биде акционер во трансформацијата. Како може да купи деловен простор а овде сега тој не може да одлучи да добие од дивиденда. Правото на основачот на банката е дали ќе го при. ми тој со таков капитал. Ние да му дадеме можност, а правото на основачот е дали ќе го прими или не. Овде што? Купил стан, не дал ништо и свршена работа. Купил деловен простор, не дал ништо има дуќан. Ако има повеќе пари купил дел од претпријатие, не дал ништо станал акционер. Па господа и банките се акционерски друштва и тука немаме никаква разлика. Значи или јас не разбирам или тоа е така дека нема разлика во акционер, акционер си е акционер, тој во било која сфера ќе учествува. Негово право е од акцијата, дали тоа е финансиска, дали е предметна, дали имовинска или акција на права. Тие се четири основа што ги познава правната наука и ние од таа област не сакаме ниту да отстапуваме, ниту нешто да додадеме. Затоа јас

поднесувајќи го овој амандман го сведов баш на овие принципи, на изборност на основачите да примат таков капитал. Затоа законот треба да даде можности; а како тоа ќе се одвива на пазарот, тоа е друго прашање. Ние не треба да имаме рестрикции во законот на правата, а не и во остварување на правата.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Споредбата со сопственичката трансакција што се изврши со продажбата на становите и со деловниот имот овде не држи од причини што таму постоеше реален имот од чија сопственост некој се откажуваше, а тоа беше државата. Затоа таму е можно. Некој беше сопственик и се откажа во име на штедниот влог и тука е многу јасно. Тоа ќе биде и со деловниот простор, ќе биде и со трансформацијата на општествениот капитал. Таму реално се врши. Таму побарува од државата, државата има имот, се откажува од нејзиниот имот и се намалува долгот на државата спрема тоа лице. Многу едноставно е.

Прашањето некој утре кога ќе формира банка да му го признава тоа, да кажам ако таа банка биде таква, способна никој нема да брани тоа да го прави. Ако имаме такви банки кои утре ќе го откупат тоа побарување спрема државата нема никој да брани. Меѓутоа овде се бараат готови реални пари затоа што треба да се одобрат утре кредити, а тоа не е можно, моментално каква е состојбата. Со тој негов имот практично тоа е нереално. Значи кај становите е јасно, се откажа сопственикот на станот во корист на штедачот. Овде кој ќе се откаже, од што.

**БОРКО СТАНОЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас сум многу ретко ваш гостин па нема да ми замерите што ќе го злоупотребам вашето трпение по ова прашање кое предизвика многу расправа.

Не постои научно изведена формула според која треба да се утврди оптимално ниво на основачкиот влог. Според тоа колку што може да се критики за износот од милион и петсто илјади марки толку може да се критикува и износот од три милиони марки. Тоа не е спорно. Меѓутоа постојат искуства во работењето на нашите банки и искуства од работењето на банките во светот. Оттаму се извлекуваат заклучоци и ние од Народна банка на Македонија заедно со претставниците на Министерството за финансии и Владата констатиравме дека во овој момент оптимален износ на основачки влог е три милиони марки. Искуството во иднина ќе покаже дали тој износ е преголем или премал и дали треба со некоја измена и дополна на законот да се оди.

Споредбите каои се правени овде меѓу банка и претпријатие и разликите во потребата на износот на основачкиот влог мислам воопшто не^држи. Банките се,финансиски институции. Тие иако се акционерски друштва, се од посебен општествен интерес и во секоја држава се под посебен третман на властите, на контролите, на државата затоа што ликвидацијата, банкротот на една банка не е исто што и банкротот на едно обично претпријатие кое се занимава со промет на било какви производи или со производствена дејност. Секој од нас со мали пари може и во Австрија и во Германија во било која друга земја да основа фирма од 8 до 50 илјади марки, меѓутоа никој од нас ни со 5 милиони долари мислам нема да успее да формира банка во Австрија или Германија или во било која западноевропска земја. Тоа е многу строго регулирано, пред се во висината на основачкиот влог и на втор план преку други критериуми кои треба. да се обезбедат за да се добие дозвола за основање на банките

Јас во овој момент не можам категорички да тврдам дека банка со 3 милиони марки основачки влог ќе биде подобро од банка со милион и петсто илјади марки основачки влог. Меѓутоа можам да тврдам дека

перспективите и можностите за работа на банка со три милиони германски марки основачки влог се многу поголеми.

Ако ја следите содржината и суштината на законот ќе се види дека основачкиот влог на основниот износ на капитал кој го формира таканаречениот гарантер капитал на банката, а целокупното работење на банката е врзано, лимитирано со гарантниот капитал. Банката не може да развие поголема актива од 16 пати, колку што и основачкиот капитал. Големиот кредит, најголемиот кредит на банката и вкупниот износ на големите кредити на банката врзани се за основачкиот влог. Гарантниот капитал кој воглавно е составен од основачкиот влог во банкарството во целиот свет се формира со цел да се обезбеди сигурноста на депозитарите кои по било кој основ внесуваат разни депозити во банките. Колку што тој гарантен капитал е поголем толку сигурноста е поголема. Од тие причини јас исто така апелирам и го поддржувам предлогот на министерот за финансии да го прифатите решението кое е понудено во Нацртот на законот, а понатаму ќе видиме дали навистина тој е пречка за развој на банкарството кај нас или не, па во наредните месеци ќе приложиме измена на овој цензус кој е чисто една формална претпоставка за формирање на банка и кој може лесно да се промени.

**ХАМИД АЛИУ:**

Во право е господинот гувернер кога тврди дека три милиони и милион и петсто ДМ не е точен параметар. И за мене е релевантен овој параметар. Меѓутоа точно е дека 'во Америка или во друга развиена земја е друг цензус.

Само едно прашање да расчистиме. Дали нашите постоечки банки имаат по три милиони марки цензус. Ако имаат по три милиони марки цензус, тогаш нема проблем,.ние сме богати. Тоа е прво.

Второ, дали ние сакаме да ги држиме тие постоечки банки или сакаме да го развиеме банкарството.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас го подржувам амандманот на господинот Стојановски, не во однос на износот на потребните средства туку во новиот став, бидејќи поаѓајќи од она што го рече министерот за финансии дека државата гарантира за девизните штедни влогови, мислам дека со амандманот се дава еден нов квалитет на девизните штедни влогови. Значи една гаранција на она што државата го гарантира веќе еднаш.

Доколку не се прифати овој амандман на господинот Стојановски, самата гаранција што овде беше искажана од министерот дека државата гарантира за девизните штедни влогови е веќе сомнително. Суштината на амандманот е да се даде можност сепак да одлучуваат оние кои основаат банка, дали со еден ваков квалитет на средства ќе може да го прифатат да биде соосновач на банката. Тоа е значи проблем на основачите на банката а не е проблем што треба да го уреди законот. Значи одлучуваат со основачите на банката. Оттука оправданоста на овој амандман произлегува и од фактот дека не треба законот да исклучува, напротив да дава можност да се уредуваат односите и на начинот. како што е предложено од страна на предлагачот. Исклучувањето во дадениот случај е противуставно. Оттука го поддржувам амандманот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, за мене е прифатлив амандманот на господин Томислав Стојановски и јас ќе гласам за амандманот од повеќе причини.

Мислам дека сите треба да го поддржиме овој амандман од причина што е токму во согласност со член 55 став 2 од Уставот кој зборува за разбивање на монополите, а мислам дека постоечките банки во Република Македонија како државните така и приватните држат еден одреден монопол и намалувањето на цензусот е еден од начините со кој може да се оди во разбиваше на овие монополи.

Мене не ми е јасна борбата на пратеничката група на СДС, толку цврста и толку доследна да излегуваат десетина пратеници скоро и дискутираа против овој амандман. Дали тие настапи беа од принципиелни позиции или беа од позиции да се бранат одредени таканаречени приватни банки а кои всушност го штитат нивниот партиски капитал. Не можеме да зборуваме за демократија во Република Македонија ако одредени партии поседуваат огромен капитал. Како ќе одиме ние да ја развиваме таа демократија, како ќе одиме во рамноправни извори кога материјалната подлога на партиите е тотално нерамноправна. Само за пример ќе кажам дека минатата година кога се менуваше бившата валута на СФРЈ државните банки не можеше да се дојде до динар, а одредени банки кои што се под патронат на СДС имаа и премногу денари и сите девизи од граѓаните отидоа во тие банки. Државата не можеше да ги собере девизите од граѓаните, туку тие девизи ги собраа одредени гранки, ќе повторам, под патронат на СДС затоа се овие нивни таканаречени принципиелни заложби за опстојување на овој цензус од три милиони. ДМ. По мене и еден ипол милион ДМ е многу. Треба, тој цензус да го намалиме со цел да овозможиме конкуренција и демократија и во оваа област во Република. Македонија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господинот Михаил Пановски е блажен во своето незнаење. Но, јас излегов да протестирам против начинот на кој претседателот Андов сака да

ја води оваа седница, кога се напаѓа партија а не пратеничка група и не ја прекинува расправата затоа што тоа очигледно веќе нема врска туку се работи за една ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

За начинот на водењето седници ќе си собереш дванаесет потписи господине Поповски, па тогаш ќе расправаме. Напуштете ја говорницата.

(Пратеникот Никола Поповски ја напушти говорницата).

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас мислам дека овде ние пратениците сите сме рамноправни меѓу себе и јас не си го земам правото да судам кој колку е паметен и компетентен и што кажува на оваа говорница. Затоа молам и другите пратеници да не ги оценуваат моите настапи дали се добри или лоши, компетентни и некомпетентни, туку да спорат со силата на аргументите.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитувани пратеници, ако расправаме за амандманот, за оправданоста на она што се бара во амандманот или имаме противаргументи за да го поддржиме основниот•текст на законот треба да се држиме за тоа -и да не се мешаат овде партии и слично.

Прво мислам дека малку наопаку ги насади работите господинот Пановски кога кажа дека ние ги штитиме постојните банки и општествените и приватните односно го поддржуваме предлогот цензусот да биде три милиони марки. Ако се знае дека и овие досегашни банки односно тие што денес постојат треба да обезбедат три милиони марки тоа значи дека нив не ги штитиме туку ги товараме. Јас не знам од каде е образложението дека ги штитиме заради ова или заради она.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Јас лично мислев почитувани пратеници дека висината на цензусот не треба да биде проблем. Во оваа прилика ќе кажам уште една работа.

Намалувањето на висината на цензусот практично е ставање во функција и легализација на шверцот. Што помал цензус, пооптимална легализација. Во спротивно амандманот со помал цензус практично ја лимитира и економската и развојната функција. Оттука мислам дека овие две компоненти се многу битни за цензусот да биде поголем.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Бидејќи на некој не им е јасно зашто се залагаме за усвојување на законот како. Што е . предложен односно се залагаме за цензус од 3000 марки ќе објаснам само една работа.

Прво, ние мора како парламент да заземеме цврст став околу тоа што е потребно на оваа држава. Дали и се потребни 200 банк за да имаме конкуренција кобајаги или можеби се потребни две три банки кои што ќе можат да ги вршат своите функции.

Ве прашувам да погледнете само кои функции треба да ги врши банката. Да ќе одиме со впечаток дека банката врши само штедни работи. Банката има многу други функции и многу поважни. Две од главните функции во Законот се во член 11;и 12 вршење на работи на платен промет со странство и кредитни и гаранциски работи со странство. Ве прашувам, прашајте и било кој стопанственик дали кај нив главниот проблем е штедно-кредитните односи во земјата или можеби платниот промет со странство. Ако сакаме да имаме банки кои што ќе бидат верифицирани на меѓународниот пазар на пари и капитал тие мора да бидат јаки. А за да бидат јаки битно е да не можеме ние да се расплинеме целиот капитал да

отиде во 20 до 30 банки или во сто банки. Нека бидат три но да знаеме дека ќе имаме ефективни банки кои што ќе можат да имаат некој свој имиџ во светот. Доколку тоа не се постигне, доколку не може да ги вршат овие два основни момента од нивното работење, верувајте немаме потреба од такви банки.

Инаку, делот од штедно- кредитните односи ќе го вршат штедилниците. Другите функции се многу побитни и затоа уште еднаш се залагам,макар да имаме две-три банки во оваа држава но да знаеме дека ќе бидат и меѓународно верифицирани како банки.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас не сакам да станувам, но почнаа да ми стануваат некако досадно работите. Си ги имаме сега ние парите и веднаш ќе почнеме да отвораме банки ан секој кош. Кога кажав симперазма, сакав да кажа1 зборот заклучок. Јас дојдов до еден заклучок во сета оваа работа. Мислам дека треба да престанеме да филозофираме за нешто кое не може секој да го направи. Според мене"банките се"направени И сега луѓето кои сакаат да прават банки не ќе можат затоа .што другите банки се плашат од конкуренција. а

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го имате амандманот сега.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас извлеков заклучок. Не сум ни за еден амандман ни за друг амандман. Ние тука правиме само една расправија без цел и така натаму и така натаму. Сакам да знам, незнам гувернерот дали знае, нека ми прости колку банки досега има отворено приватни. Со какви средства тие банки ги направија, со кои закони ги направија и кои им овозможи да станат тие

банки, да фатат корен во оваа држава. Тоа не ни е објаснето и не знаеме.

Јас знам дека има многу кои имаат големи апетити да отворат банки не ќе можат. Не ќе можат за тоа што во една држава од 2 милиони народ не може да има 1500 до 2000 банки. Ќе  опстанат само тие банки кои се створени, кои се веќе направени. Ќе опстанат банките кои ќе имаат најдобри услови за штедачите. Не навлегувам во тие амандмани затоа што тие амандмани за мене се одвишни. Еден носи 15 амандман друг носи 20 амандмани, како да тој ќе направи 100 банки самиот, а другите ќе направат по една банка. Се плашам само од тоа дека ќе се заштитат само банките кои постоеја досега. Кој знае дали тие банки беа и законски створени во оваа држава. Незнам дали има и влогови во тие банки нивни. Тука е. и целата предигра и целата игра. блазе му тој што се роди прв, а последниот ќе видиме дали ќе опстане.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, амандманот се состои од два дела. Во однос на првиот дел не сакам, да спорам. За мене е правно и меродавно мислењето што овде го рече гувернерот на Народната банка. Ника: ва гаранција не е дека таа што има 3 милиони или 1500 марки дека ќе работи добро. Можеби е прашање на способноста, меѓутоа сепак некој повисок влог, макар и овој од 3 милиони е некаква гаранција дека таа банка во старт ќе има подобри услови за работа. Повеќе се јавив за збор за вториот дел од амандманот ео кој што се вели дека во ставот 4 се додава нов став, 5 кој гласи, односно за она што веќе стана збор во врска со девизните штедни влогови на нашите граѓани во постојните домашни банки': или во банките на Бивша СФРЈ.

Ако Владата размислува од позиција на тоа што побрзо да се ослободи во однос на должноста на државата , да ги врати девизните штедни влогови на граѓаните може би таа е првата која што треба да го прифати овој амандман, затоа што по тој основ сегашните државни банки ќе ги ослободи од товарот на враќање на штедните влогови бидејќи ќе има приватни банки, меѓутоа, тие приватни банки ќе бидат фиктивни банки за жал, односно банки кои што на други граѓани кои што ќе бидат штедачи не ќе можат да им даваат никаква гаранција. Така да за жал можеби ќе се најдеме во еден затворен круг во кој што еднаш измамените би има дале можност на други да бидат уште еднаш измамени односно на оние кој досега не биле измамени. Така да овој дел навистина е проблематичен не заради друго, туку заради тоа што се работи за фиктивни средства, а не за реални средства кој што би се земале и заради тоа што не може да се споредува со ставовите кој штос е државна сопственост, бидејќи државата преку законот си овозможи можност да и без претворање на законите во државна сопственост со тоа што им ги зема становите и на претпријатијата односно одлучи да им ги врати после пет години тие средства, се разбира со никакви камати ти си ги стави во. своја противвредност односно во своја сопственост и на тој начин доби можност практично својот влог спрема граѓаните да го преговори во друг влог, во овој случај спрема државата. Така да за мене е неприфатлив амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара.)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот молам да крене рака. (33)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 4 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 8 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој бара збор? (Не бара)

Јас по овој амандман сакам нешто да кажам.

Не би сакал молкум да минеме преку овој амандман бидејќи предлагачот не е тука па не се јави, а никој друг не се јавува, а Владата не разјасни зошто не го прифаќа овој амандман. Мислам дека навистина не чувме аргументи зошто не се прифаќа овој амандман, а основното решение содржи чисто административен приод. Не е јасна зошто мора да бидат токму 10 зошто не се осум, зошто не се 15, зошто не се 12 правни лица, или најмалку 10%. 15 може да бидат а не помалку од 10. Зошто да не бидат помалку од 10.

Од друга страна тргнуваме од тоа дека странска банка само може да основа банка овде, правно лице. Мислам дека за да го прифати! основното решение потребно е навистина појасни докази овде, инаку во друг случај амандманот би бил прифатлив.

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не? бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(45 пратеника)

Дали има некој е против? (14)

Дали некој се воздржува од гласање? (9)

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот за бришење на член 8 поднесен од пратеникот Томислав -Стефковски.

(По паузата седницата продолжи во 17,15 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Ве известувам дека Владата поднесе амандман: " По членот 7 се додава нов член 8 кој гласи:" итн., го имате текстот, со делумно интенцијата која беше содржана во амандманот на господинот Стефковски овде е уважена и е дадено поинакво решение. Тоа е составен дел на текстот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на став 3 на член 8 поднесен од пратеникот Тодор Димов.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници ставот 2 на член 8 ја регулира следната материја: "По исклучок од став 1 на овој член кога банка основаат две или повеќе домашни или странски банки, банките основачи меѓусебно го утврдуваат учеството во основачкиот капитал".

Понатаму, став 3: "Народна банка при донесување на решение за издавање на дозвола за основање на банка од став 2 на овој член води грижа да се оствари оптимално учество во основачкиот капитал".

Сметам дека овој став 3 треба да отпадне, бидејќи не е прецизно формулиран и со цел да не се создава неизвесност и субјекти визам во спроведувањето на истиот, предлагам истиот да отпадне.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Има збор министерот за финансии Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, за овој амандман се расправаше и на Комисијата за финансираше и буџет и Комисијата не го прифати, и ако повеќе амандмани таму беа усогласени, па и од господинот Димов, Овде ставот 2 утврдува услов по исклучок кога банка основаат две или повеќе домашни или странски банки, банките основачи меѓусебно го утврдуваат учеството во основачкиот капитал, што значи не важи првиот став за кој зборувавме доста и има Владата нов амандман. Овде со оглед дека се работи и за можности од странство, каде ние како држава не можеме секогаш да знаеме се за кого се работи итн., наоѓаме за целесообразно и оправдано сепак Народната банка како најстручна и најкомпетентна организација да анализира и други околности која држава, како итн., така што смислата на став 3 "Народна банка при донесување на решение за издавање на дозвола за основање на банка од став 2 на овој член само води грижа да се оствари оптимално учество во основачкиот капитал значи бидејќи прецизно не е утврдено овде како во ставот 1 мора На Народната банка да се даде можност тука да утврди, да го анализира бонитетот на тие основачи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг ќе бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

14 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на став 3 на член 8 поднесен од пратеникот Тодор Димов.

Отворам претрес по амандманот на став 2 на член 10 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Се работи за обврската да има Надзорен одбор. Ние мислиме дека не пречи да има Надзорен одбор и не знаеме зошто да нема. Што повеќе има надзор во работењето на банката е подобро и за банката и за комитентите и за вложувачите и т.н. Сметаме дека треба да остане обврската да има Надзорен одбор.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Мислам дека овој амандман не треба да се прифати, а исто така сметам дека нема смисла амандманот. Еве од кои причини.

Стои дека во ч(лен 10 ставот 2 да се брише, целосно ставот 2, а во образложението се зборува само за бришење на Надзорниот ОД6ОЈ Сметам, ако се избрише ставот 2 на овој амандман тогаш да слушнеме што фактички треба да се избрише.

На основачкото Собрание се донесува. Статут на банката, < избира Управен одбор и Надзорен 'одбор, се именува Раководен орган на банката и се донесуваат. акти за деловна политика на банките".

Со предложениот амандман фактички. целиот овој став треба да се избрише и според мене. нема смисла. Ве молам, како може на основачкото Собрание да не се донесе. Статут на банката, да не се избере директор на банката, да не се донесат акти за деловната политика и слично. Инаку, ако добро се прочита образложението, во образложението се образлага амандманот само за надзорниот орган. Ми сугерира колегата Стојановски

само Надзорниот одбор да се избрише, но јас сметам ако требало, во амандманот требало дословно да се напише и исто така да се образложи што е суштината на предложениот амандман. Заради тоа сметам дека Собранието не треба да го прифати амандманот онака како што е предложен од предлагачот на амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас се согласувам со изнесеното од Славјанка и навистина има несогласност меѓу она што е предложено како амандман и она што е образложение. Фактички се работи за нестручност на Стручната служба, а се однесува амандманот исклучиво само за зборовите "надзорен одбор".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мораме да бидеме начисто дали тоа е само укажуваше или господинот Стефковски инсистира на амандманот.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ**: (од место)

Само за Надзорниот,одбор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам господинот министер да објасни.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Јас објаснив и само на тоа одговорив дека не се прифаќа амандманот, сметаме дека треба да се избере надзорен одбор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Институцијата надзорен одбор по Законот треба да се знае што има за цел. На кого ќе му биде надзорен одбор, дали на сопственикот на капиталот кога таа ќе биде од него именувана, на него одговор и од него зависна. Јас незнам дали некој ќе треба само да се именува фигуративно

да постои или ќе треба да има функција? Практицизмот мора да се види во законот, а ако сакаме да препишуваме некои закони што веќе функционирале со надзорни органи, работнички совети, управни органи и било што, некореспондира со новиот начин на работење овој надзорен одбор. Затоа сметам дека како институт овој орган е непотребен во целиот закон.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Сепак, нашите начелни укажувања секогаш се забораваат. Кога пишуваме закони, освен што ја консултираме науката до степен до кој таа достигнала, ви рековме дека ја консултираме и праксата. Бидејќи сега правиме закони за еден нов систем, повторуваме дека ги консултираме и искуствата на тие земји и држави кон кои ние тежнееме исто да бидеме, нема. банка тврдењето на тие што ја познаваат ситуацијата во модерниот свет која нема надзорен одбор. Без оглед на тоа кој го бира, меѓутоа, самиот назив е дека некој државата го тера со закон и да има, и имаат сите банки надзорен одбор, и има каков надзор да врши. Само овде е дилемата на инсистирањето да нема, што добиваме како држава и како систем и како пазарна економија, ако нена. Тие ќе го бираат Надзорниот одбор, ама надзорен одбор имаат банките и во државите со пазарна економија, со многу банки.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (од место);

Што му е функцијата.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ**:

Овде велиме дека се бира; а не можеме да имаме поглавје што функција има надзорниот,одбор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор гувернерот на Народната банка на Македонија Борко Станоевски.

**БОРКО СТАНОЕВСКИ:**

Почитувани пратеници мислам дека се води расправа околу овој амандман за едно значајно прашање, но не е значајно од тој аспект дали ќе биде внесено во законот или не. Ако една банка сака да има надзорен одбор, ќе го формира. Меѓутоа, дозволете ми да се доизјаснам. Банката е акционерско друштво, на една страна се акционерите, вложувачи на основачкиот капитал, на друга страна е менаџмент на банката, чиновниците кои управуваат со капиталот и надзорниот одбор се формира за тоа да ги заштити интересите на основачите од менаџментот односно чиновниците на банката и затоа тоа треба да добие сила и во законот да има поголема правна основа за неговото формирање. Но ако овде го избришете со амандман, секоја банка ќе го формира затоа што тој и е потребен. Потребен им е орган на сопствениците на капиталот на основачите да се заштитат од погрешни одлуки на менаџментот, од шпекулации на менаџментот на банката. Тоа е самопојаснување за да ви олесни во гласањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за , молам да крене рака.

16 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на став 2 на член 10, поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот на член 11, поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, во членот не пропишано што содржи одлуката на банката, па во законот се наведени 13 елементи. Со амандманот сето тоа се брише и вели со одлука на банката се утврдува само називот и седиштето на банката, предметот на работењето, називот и седиштето на основачите овде има грешка и пишува "основаните" веројатно и други прашања што се од интерес за работењето. И други прашања во текстот на законот по децидно се наведени елементите што треба да ги содржи одлуката .за" основање на банка и сметаме дека амандманот не треба да се прифати затоа што предложениот член во законот прецизно наведува што содржи одлуката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 поднесен од пратеникот Томислав Стефковски.

Отворам претрес по амандманот на член 15 за бришење на точка 11 поднесен од пратеникот Тодор Димов.

Молам кој бара збор?

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитувани пратеници, членот 15 регулира барање за издавање дозвола -за основање банка. Меѓу другото, во барањето се предвидени документите кои треба да ги содржи комплетот доставен до Народната банка. Како последна точка 11 е другата документација што ќе ја определи Народната банка. Сметам дека ваква точка е непотребна и истата треба да отпадне затоа што дава простор за субјективизам и неизвесност околу комплетирањето на документацијата за издавање дозвола за основање на банка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Информирав дека за овој амандман се расправаше и на Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата не го прифати и предлаган да не се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

22 пратеници гласаа за. .

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 15 за бришење на точка 11 поднесен од пратеникот Тодор Димов.

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1, алинеја 6 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман на член 17.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас ќе бидам во своето излагање само толку ангажиран што ќе ги прочитам двата текста да се направи разлика што се предлага и што се бара со овој амандман. ВО предложениот текст на Владата, алинеја 6 вели: "банката не ги исполнува условите за натамошна работа". Предлогот е "банката не ги исполнува условите за работење утврдени со овој закон". Таа му е неодредница. Не се знае гувернерот што ќе одлучува. кои услови не ги исполнува. Овдека е прецизирање, овдека е конкретизирање, овдека се дава со законот, ако не ги исполнува тие услови пропишани со закон, ќе може таква одлука да се донесе. Ако ги исполнува нема што. Вака кажано општо е неодредница. Јас не можам да сфатам, банката не ги исполнува условите за понатамошно работење. Што е тоа понатамошно работење. Кои услови. И затоа условите за работење на банката се пропишани со овој закон и сакаме да прецизираме, ако тие услови што се пропишани со овој закон тогаш, гувернерот,ќе го носи ова решение. Јас незнам зошто .велите е неприфатливо.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Станува збор за можноста за одземање на веќе издадена дозвола, откако некоја банка работела извесно време, а не тука во овој член. Значи народна банка може и има право да одземе дозвола доколку утврди дека дотичната. банка не работи според условите предвидени во законот. Веќе е издадена дозволата после година, после две, после пет итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (20)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 17 став 1, алинеја б поднесен од пратеникот Томислав Стојановски

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Се работи за членот 15, последниот став. Две комисии имаат амандмани на овој последниот став, Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за финансирање и буџет. Амандманите се скоро идентични со тоа што само рокот во кој на барање од став 1 во овој член гувернерот на народна банка одлучува со решение во рок од 60 дена, е амандманот на Комисијата за финансирање и буџет, со кое се согласи претставникот на Владата, исто така и во Комисијата за економска политика и развој, тие имаат амандман, наместо 60 дена стои 30 дена со кои исто така се согласи претставникот на Владата. но не можат и двата да бидат составен дел на законот. Мора едниот. Дали на 60 дена ќе се издава барањето, или во рок од 30 дена ќе се издава барањето, бидејќи го поминавме овој член заради тоа што нема амандмани со кои се согласил претставникот на Владата, сакам да укажам на следното за да можеме оваа работа да ја разјасниме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не се однесува на амандманот, туку на текстот на законот на член 15. За тоа ние ќе ги поминеме амандманите и ако има некоја противречност во текстот на законот, кога ќе прашам на крајот, продолжуваме со претресот по текстот, тогаш министерот ќе се јави и ќе каже како е гледана таа спротивност на текстот. Тоа е нивна задача.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 18, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Со членот 18 е утврдено барање согласност и известување на Народна банка. Во членот 18 се набројани сите случаи кога гувернерот дава согласност. Во членот 18 е уредено согласности и известување на народна банка, па се набројани случаите кога гувернерот на Народна банка дава согласност од еден до шест. Тие се да ве потсета измена на статутот, промена на работоводниот орган, основање на баш отворање на филијали, основање на претставништво на странска банка, стекнување на повеќе од петнаесет такви измена на•седиште, значи во текот на работата да дојде до овие измени да се извести народната банка и да се даде согласност. Ние не го прифаќаме амандманот овој член целосно да се брише.,

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Главата е точно барање согласност и известување на народната банка меѓутоа, ова е предлог на законот. Ние имаме усвоено устав. По член 58 е предвидено сопственоста и трудот се основа за утврдува! и учество во одлучувањето. Овдека што бива^ Самостојни сме, а имаме измена на статутот на банката, ќе даде согласност гувернерот, на  работоводен орган, ова веќе не е ни надзор, ова е апсолутно мешање во управувањето на банката. Токму тоа е. Сега Уставот на банката таква можност не и дава. Кажав кои се основите за учество на банката во такво управување. Значи, само капиталот и трудот. Ова не учествувал ниту со капитал ни со труд. Понатаму основање на банка и отворање на филијала. Основање на претставништво, стекнување на повеќе од 15%, сега нормално ако остане текстот би требало да оди 20. Измена на називот и седиштето на банката. Мене не ми е јасно што треба сега гувернерот да се меша во тоа дали

седиштето на банката ќе биде во Делчево, дали ќе биде во Гостивар, дали ќе биде во Битола, или Куманово. Каква функција има. Затоа сметам дека оваа одредба се коси со основните услови на Уставот од член 58 и сметам дека нема уставна гаранција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (24)

Констатирам дека Собранието не го усвои ;амандманот за бришење на член 18 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 39 поднесен од пратеникот Тодор Димов.

Молам, кој бара збор? (никој)

(Тодор Димов го повлекува амандманот)

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 39 и 40 поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Работите од член 3 8 на овој закон банката може да ги врши само по претходно добиена дозвола од Народна банка и 40 со актите на деловна политика на банката поблиску се утврдуваат условите и начинот на вршеше на работите од член 37 и 38 на овој закон. Овој член е декларативен, меѓутоа е потребен во законот поблиску да ги утврдува со актите. Мислиме дека амандманот не треба да се прифати да се бришат од овие членови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на членовите 3 9 и 4 0 поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 48 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Со членот 4 8 утврдено е кој работи ги врши собранието на банката. Собранието на банката ги врши следните работи: се работи за концепт. Концептот на законот е таков што ги уредува малку односите во банката, малку подетално. Секое бришење, целиот концепт на законот го руши. Тука пропишано е кои работи ги врши Собранието на банката. И не мислиме дека тука треба да има некој спор. Според тоа, не го прифаќа Владата амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Овој дел сметам господа дека треба да биде предмет на расправање и разгледуваше и третирање во статутот на банките. Овдека законска работа е се уредува филтарна материја. Не е од друга интервенција, туку интервенција е ова се да се реши во статут на банката, тоа таму ќе биде и тоа го темелам баш во член 49. Собранието на банката донесува одлуки по постапка и на начин утврден со статутот на банката. Сега ова треба да го чини по законот, По мое мислење избран е погрешен терк на законот и сметам дека овие па и другите амандмани кои се однесуваат тоа да се

префрли и да се даде право банката да се расправа и да ги уредува со статутот и ќе биде и проширено и смалено и вака прифатено и сл. и ќе нема никаков проблем. Да не го оптоваруваме законот со овие фруктарни работи. Поготово што сега и остана амандманот кој не се усвои за бришење што оваа согласност оди пред гувернерот. Што значи дека имаме двојна контрола, една со закон, па повторно овој статут ќе се донесува, па повторно ќе се удвојува, нема потреба. Крајно е дуплирана работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не"бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (22)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 48 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 50 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Станува збор за аналогна работа, се работи за управниот одбор на банка кои работи ги врши. Ние консеквентно концепцијата на Законот ја имаме предвидено и управниот одбор кои работи ги врши. Според тоа, не се согласуваме да се брише членот 50.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитувани пратеници, со оглед на тоа што амандманот на Комисијата за економска политика и развој се однесува точно на овој мој амандман по точка 7 на член 50, го повлекувам, ,мислам дека решението ги задоволува моите барања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го прифатила Владата од Комисијата. Добро. Немаме расправа.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 52 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Хајредини , министер; за финансии.

**ЏЕВДАТ ХАЈРЕДИНИ:**

Членот 52 со овој амандман се предлага да се брише, а со него се уредува дека "работовден орган; на банка, вработени во банка и претставници на нето должници на банка не смеат да бидат членови на Управниот и надзорниот одбор на банката." Ние сметаме дека овој член треба да остане, а амандманот да не се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? ( не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (18 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 52 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на став 3 на членот 53 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Молам да се произнесе претставникот на Владата.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Со амандманот се предлага да се брише ставот 3 во кој е уредено дека: "во постапката за именување на работоводен орган на банката управниот одбор на банката обезбедува и согласност од Народната банка за стручната оспособеност на кандидатите за работоводен орган на банката". Амандманот не се прифаќа. Владата стои на стојалиште дека ваква обврска мора да остане.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?; (17 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на став 3 на член 53 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 54 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Предлагачот е доследен на својата концепција, а и согласно претходните амандмани предлага да се брише членот 54 каде се утврдуваат во пет точки надлежностите на работоводниот орган на банката. Ние бидејќи утврдивме за Собранието за управниот одбор остануваме на тоа да треба и за работоводниот орган да остане членот. Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е замолам да крене рака ? (19 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 54 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 72 став 3 поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Со ставот 3 во членот 72 уредено е: "податоците за работењето на граѓаните преку жиро сметки може да се соопштуваат само преку писмено барање од судот или од Министерството за финансии ако во постапка на контрола утврдат неправилности во работењето". Амандманот не се прифаќа. Владата останува оваа обврска да биде пропишана во законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот 1 по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (14 пратеници гласаа за).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 72 став 3, поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Отворам претрес по амандманот на член 74 за додавање нова точка 3 поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Во член 74 штедилници во смисла на овој закон се поштенска штедилница и штедилница. Со амандманот се бара да се додадат и штедно- кредитни задруги. Овде амандманот не го прифаќаме, меѓутоа има предлог за донесување работен заклучок од страна на Собранието каде се обврзува Владата во рок од три месеци да предложи решение за натамошната судбина и статус на постојните штедно- кредитни задруги. Доколку се определиме за ова ќе се дополни овој закон, доколку треба да се донесе нов закон, за нив ќе се донесе нов закон, меѓутоа амандманот за да биде вграден во овој системски закон не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (3 пратеника).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 74 за додавање нова точка 3, поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Отворам претрес по амандманот на член 82, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Спротивно на тенденциите кај некои претходни амандмани овде се бара за поштенска штедилница да се зголеми обврската односно висината на цензусот. Во законот е 500 илјади денари во противвредност од ДМ, а се предлага еден милион. Владата останува на предлогот од 500 илјади денари. Не го прифаќа амандманот да се зголеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (17 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 82 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 87, поднесен од пратеникот Тодор Димов.

Молам, кој бара збор?

Пратеникот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член ;87, поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Дали некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (20 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 87, поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Отворам претрес по амандманот во член 87 ред четврти 1 износот 150 илјади ДМ се заменува со износот 100 илјади денари, поднесен од пратениците Јаким Ивановски, Шабан Превала, Џелил Таири и Ванчо Младенов.

Дали некој бара збор?

Првин да се произнесе претставникот на Владата.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Ми се чини дека Владата овде погодила, ако нешто погодила, има амандмани нагоре, надоле, а средината е предлогот на Владата и ние остануваме на овој предлог.

Не прифаќаме ни да се намали ни да се зголеми.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (25 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот во членот 87 ред четврти износот 150 илјади ДМ се заменува со износот 10 0 илјади денари, поднесен од пратениците Јаким Ивановски, Шабан Превала, Џелил Таири и Ванчо Младенов.

Отворам претрес по амандманот на член 87 за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1 пратеник).

Констатирам дека Собранието него усвои амандманот на , член 87 за додаваше нов став 2, поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Отворам претрес по амандманот на член 87, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Пратеникот го повлекува амандманот. Нема претрес.

Отворам претрес по амандманот на член 89, став 1,3 и 4 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да„се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Ние остануваме на истата процедура при издавање на дозвоволи како за банките, штедилниците и во постапката од I и II степен не може и не може да менуваме, не се прифаќа амандманот од начелни причини.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Еве гледам дека амандманот го повлекува и затоа да не се изјаснуваме.

Отворам претрес по амандманот на член 90, поднесен од пратеникот Иван Иванов. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (13 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 90, поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Отворам претрес по амандманот на член 90, точка 1, поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Дали некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. Ниеден пратеник не гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 90, точка 1, поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Отворам претрес по амандманот на член 90 за додавање нова точка 3, поднесен од пратеникот Тодор Димов.

Молам, кој бара збор?

Амандманот го повлекува. Нема расправа, нема претрес.

Отворам претрес по амандманот на член 90, став 1 и 2, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман. Средствата што штедилницата нема да ги искористи за давање кредити на физички лица, може да се користат за одобруваше кредити на правни лица во согласност со Одлуката на надлежниот орган н штедилницата. Кредитите од став' 1 на овој член се одобруваат преку банка. Гласи законот. Мислиме да останеме на ова решение, да не го менуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот го повлекува предлагачот.

Отворам претрес по амандманот на член 91, став 1 за бришење на став 2, поднесен од пратеникот Тодор Димов.

Предлагачот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на став 2 на член 91, поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман.

Кредитите од став 1 на овој член се одобруваат само преку банка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го .ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака.

Предлагачот го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на став 2 на член 91, поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање. .

Кој е за, молам да крене рака. Ниеден пратеник не гласаше за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на став 2 на член 91, поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Отворам претрес по амандманот на член 102, став 1, однесен од пратеникот Тодор Димов.

Има збор господин Тодор Димов.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Мислам дека овој амандман е прифатен на Комисијата за економска политика и развој од страна на Владата и според тоа нема потреба да расправаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандман на член 102, став 1, поднесен од пратеникот Тодор Димов.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Јас предлагам во член 102, во став 1, петтиот ред зборовите "капитални влогови", да се заменат со зборовите основачки влогови односно акции во банката. Тој амандман е прифатен од страна на претставникот на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата го прифаќа овој амандман и тој според тоа е составен дел на текстот.

Отворам претрес по амандманот на член 103, став 1, точка 6, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Со наведената одредба од членот.103, санација на банка или штедилница се извршува и во случај на точка 6. Како се извршува, • со откуп на сите акции или одреден број на акции на банката или на штедилницата во санација, при што се води сметка за бонитетот на купувачот, со тоа што ниту еден поединечен купувач на акциите, ниту група на купувачи поврзана со деловни интереси или со процесот на одлучување не може да стекне повеќе од еден основ од новоплатениот капитал на банката или штедилницата. А сите претходни основачи на банката или штедилницата, субјектите кои што се со нив поврзани преку деловните интереси или преку процесот на одлучување не можат да стекнат повеќе од

една третина од новоплатениот капитал. Детално се одредени во овие сложени ситуации и тие се уредени. Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

Господин Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Јас мислам дека Владата ќе има шанса сега и да го прифати овој амандман и истовремено ние како Комисија мораме да предложиме измена на самиот амандман. Бидејќи во меѓувреме членот 8 се измени, наместо 10 основачи, 5 останаа, оттука наместо 10%, 20%, па овој амандман би гласел вака: "Во член 103, став 1, точка 6 процентот од 1%, изгледа била печатна грешка, наместо 10%, се заменува со процентот од 20%". Образложението останува така како што е дадено со овој амандман. Имено, овој амандман се предлага од причина .што при санација на банки и штедилница, со откуп на сите акции или: одреден број. на акции на банката или штедилницата треба да се утврди одредба со која ниту еден поединечен купувач на акциите, ниту група на купувачи поврзана со деловните интереси да не може да стекне повеќе од 20%, а не повеќе од 10%, како што требало да биде наместо 1% од новоуплатениот капитал на банката и штедилницата, со што се остварува корелација со одредбите на член 8, став 1, според која при основање на банка учеството на поединечниот основач може да биде најмногу до 20%, наместо 10% како што беше порано. Ние инсистираме на ваквиот амандман бидејќи со тоа навистина ќе се реши прашањето на санацијата, а истовремено и ќе се сообрази со сега изменетиот член 8.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Господин Хајредини министер во Министерството за финансии.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Ние тврдиме дека овој член не е во корелација со членот 8 став 1, и дека тоа не е штампарска грешка, туку тоа така треба да стои, 1 да стои а не 10, за да ова предизвика измена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака)

9 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 103, став 1, точка 6, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Отворам претрес по амандманот на член 108, поднесен од пратеникот Тодор Димов.

Молам, дали некој бара збор?

(го повлекува)

Отворам претрес по амандманот на член 10 8 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман од причини што овде се работи за учество на Републиката во случај кога Републиката учествува во постапката за санација мора да ги обезбедува своите средства.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 108 поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Претставникот на Владата не го прифаќа.

Господинот Шабан Превала го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 128, став 2, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Со ставот 2, членот 128 утврден е рокот во кој треба да се изврши усогласувањето ан работењето на банките со соодветните на овој закон и ќе се изврши во рок од 2 години од влегувањето во сила на овој закон. Ние цениме дека постојните банки ги знаеме кои се какви се и од кога потекнуваат и не ќе може за пократок рок да ги остварат овие услови. т.е. да се усогласат со новиот закон, па е даден краен рок од 2 години. Владата останува на овој рок и не прифаќа амандман кој го скратува рокот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, го повлекувате.

Отворам претрес по амандманот на член 128, став 2, и за додавање нов став 3 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски. і

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Од причини јас што го прочитав оваа законска одредба од членот 128 и таа е јасна и не прифаќаме предложениот амандман да се додаде став 3.

Дали уште некој гара збор? Господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас пак ќе кажам дека дали само формално го донесовме уставот. Имаме еден до друг член 128 и 129. За образложение ќе ги прочитам и двата.

"Банките основани во Република Македонија до влегување во сила на овој закон продолжуваат со работа. Усогласување на работата на банките со одредбите на овој закон ќе се извршат во рок од 2 години од влегување на сила на овој закон1.' Тоа е членот 128.

Членот 129 гласи: "Другите финансиски организации регистрирани во Република Македонија по влегување во сила на овој закон должни се да се пререгистрираат и да го усогласат своето работење со одредбите на овој закон во рок од 6 месеци од влегуваше во сила на овој закон. Доколку тоа не го сторат во тој рок престануваат со работа". Каде е рамноправноста. Ние се бориме против монопол во секој закон на силнички сакаме да воведеме нов монопол. Јас не сакам да правдам дали има потреба од ова или' од онаа финансиска институции овде говорам од принципот на рамноправност. Што е принцип и што е на законодавецот дали само да кажи дека прифаќам или не прифаќам или да даде образложение зошто на едните се одлучил на финансиските недоверници да им даде две години да се усогласуваат, а на тие други што стопанисуваат во принцип на пазарна економија, тие мораат за 6 месеци, а ако не да престанат со работа. Ова е основата врз која јас го базирам својот предлог за измена. Ништо друго. Меѓутоа нека остане текстот каков што е, само бројката две години да се замени со б месеци и новиот став три, да се додаде "ако во тој рок не се изврши да усогласи, да престане со работа". Тоа се, господа, суштествени работи, тоа е уставните гаранции врз основа на кои ќе треба да го градиме ова општество. А не по потреба, не по наоѓање на одредена политичка формација која ена власт, затоа што овој закон не се носи за таа политичка

формација, туку се носи за државните интереси. Политичката формација може да остане на власт една година, две години, повеќе или помалку, а може да остане и еден ден. Овој закон кога ќе^се донесе ќе биде користен токму против тие формации кои се сега на место на тие банки. Затоа, предлагам барем ова да се уважи каде навистина очигледно е повреден уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака) .

29 пратеници, гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 128, став 2, и за додавање на Нов став 3 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Отворам претрес по амандманот на член 128 и за бришење на член 129 Поднесе .од пратеникот Михаил Пановски.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака)

3 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 128 и за бришење на член 129 поднесен од пратеникот Михаил Пановски.

Отворам претрес по амандманот на член 129 поднесен од пратеникот Тодор Димов.

Го повлекува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Господин Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

По исходот на усвоениот амандман, се јавува потребата да се интервенира во текстот. Во членот 15 рокот да биде 60 дена и со тоа се усогласуваат двата амандмана кој би биле прифатени на комисиите меѓу 31, 60 го прифаќаме да биде 60 дена рокот. При тоа, бидејќи дојде до измена нов член 8 , тоа предизвикува потреба во членот 18, став 1 , точка 5 процентот од 15 да биде 20. На тој начин нема противречности во текстот на законот од досега усвоените амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Со оглед на тоа што усвоивме одредени измени односно амандмани, а министерот, ми се чини, пропушти да каже дека исто треба и во член 19 да се изврши одредена измена, став 1, точка 6 "стекнување каде што банката е должна/да ја извести народната банка за, точка 6 "стекнување на повеќе", пишува од 10%, "од акциите", а треба да стои повеќе од 20%. И една јазична исправка "банка", лишува во член 19, а треба да стои "банката е должна" да ја извести Народна банка...".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа се од карактер на чистота на текстот. Вие соопштете го тоа.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Да, во право е пратеникот, треба да се интервенира и на тие места.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, тоа што го збореше Ајдарага станува составен дел на текстот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам, да крене рака? (Пратениците креваат рака)

61 пратеник гласаше за..

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за банките и штедилниците.

По повод донесувањето на предлогот на законот за банки и штедилници, Комисијата за финансирање и буџет му предлага на Собранието да го усвои следниот работен заклучок.

Се задолжува Владата на Република Македонија во рок од три месеци да понуди решение за потребите и начинот на регулирање на работењето на штедно- кредитните организации.

Кој е за предложениот .заклучок, молам да крене рака?

34 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот заклучок.

Владата сама тоа може да го направи, било која пратеничка група може да го брани односно да го бара тоа, а овде Комисија стои зад таа работа. Тоа е стара работа во новото политичко устројство и сосема на друг начин треба да се приоѓа на овие работи. Владата е слободна да работи.

Сега предлагам да прекинеме со работа и утре да продолжиме во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,30 часот.)